РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-3147
06-03-2019 година
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА

| Примено | 11.03.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 - | 372 | 1 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 216 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

Ветеринарен факултет Битола

| Примен: | 12.03.2019 | | |
|---|---|---|---|
| орг.един. | број | прилог | вредн |
| 03 | 90 | 1 | |

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии по Ветеринарна медицина на Ветеринарен факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии по Ветеринарна медицина на Ветеринарен факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола се обрати со барање бр. 08-1681/2 од 20.11.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-3147 од 22.11.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии по Ветеринарна медицина на Ветеринарен факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација 1409-30/5 од 24.10.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3147 од 29.11.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 04.12.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-3147 од 05.12.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии по Ветеринарна медицина на Ветеринарен факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Dr. Arber Ademi**

Доставено до:
- Именуваните
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti